# 3 Декември - Меѓународен ден на лица со посебни потреби

Вклучувањето на лицата со попреченост е суштински услов за почитување на човековите права, одржливиот развој и мирот и безбедноста. Тоа е исто така значајно за ветувањето на Агендата за одржлив развој 2030 година да не остави никој зад себе. Заложбата за остварување на правата на лицата со попреченост не е само прашање на правда; тоа е инвестиција во заедничка иднина.
Денес, светското население е над 8 милијарди луѓе. Според податоците на Светска здравствена организација (СЗО) повеќе од една милијарда луѓе, или приближно 12% од светското население, живеат со некаква форма на попреченост. 80% живеат во земјите во развој, додека 50% од лицата со посебни потреби не можат да си дозволат здравствена заштита. Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби е ден кој беше промовиран од страна на Обединетите нации во 1992 година. Секоја година од 1992 година, во многу земји се одржуваат различни настани. Денот на лицата со посебни потреби се користи за одржување на дебати, форуми и кампањи кои се однесуваат на попреченоста, а заедниците се охрабруваат да организираат средби, разговори, настапи и трибини во нивната локална средина. Активностите може да бидат најразлични, а во нив да бидат вклучени лицата со посебни потреби. Главната цел на овие настани е да им се покаже на сите луѓе дека лице со некаква попреченост може да биде активен член на општеството, бидејќи често се случува да бидат дискриминирани од страна на поединци и на самото општество. Земјите со пониски приходи имаат повисока преваленција на инвалидност за разлика од земјите со повисоки приходи. Попреченоста е почеста кај жените, постарите лица, децата и возрасните кои се сиромашни. Во нашата држава видот и степенот на пречките во физичкиот или психичкиот развој се уредува со Правилникот за оцена на специфичните потреби (Службен весник на РМ бр.30/2000 год): лица со оштетен слух, телесно инвалидни лица, пречки во глас, говор и јазик, лица со ментална попреченост, аутистични лица, хронично болни, лица со повеке видови пречки. Општо земено причините кај сите видови недостатоци можат да бидат хередитарни (наследни), конгенитални (вродени) и подоцна стекнати. Наследните и вродените причини честопати се категоризираат како внатрешни причини, додека подоцна стекнатите се категоризираат како надворешни причини. Наследните причини се јавуваат скоро кај сите, но најмногу кај интелектуалната попреченост. Вродените причини најмногу можат да настанат за време на бременоста кај жената. Надворешните причини настануваат по раѓањето на детето. Тие може да настанат како последица на разни заболувања или механички повреди. Целта на овој ден е да се зголеми свеста за подобро разбирање на луѓето кои се засегнати од некаков хендикеп, поттик на луѓето да бидат посвесни за правата, достоинството и благосостојбата на лицата со посебни потреби, како и да се подигне свеста за придобивките од интегрирањето на лицата со посебни потреби во секој аспект од животот, од економски, политички, социјален и културен. СЗО се придружува на ОН во одбележувањето на овој ден секоја година, засилувајќи ја важноста од обезбедувањето на правата на лицата со посебни потреби, за да можат целосно, еднакво и ефективно да учествуваат во општеството со другите и да не се соочуваат со бариери во сите аспекти од нивниот живот. Во своето седиште во Женева, СЗО организира годишен настан за International Day of Person with Disabilities (IDPD) за да ја едуцира јавноста, да ја подигне свеста, да се залага за политичка волја и ресурси и да ги слави достигнувањата на СЗО. Во 2022 година, СЗО го лансираше Глобалниот извештај за здравствена еднаквост за лицата со попреченост. Овој извештај ги прикажува пристапите и активностите што земјите можат да ги преземат за да се решат здравствените нееднаквости што ги доживуваат лицата со попреченост.

**Извор:** **https://www.un.org/en/observances/day-of-persons-with-disabilities**, пристапено/ декември 2022

**Подготвил:**
Флорија Хамид, Дип. Соц. Работник/ Одделение за социјална медицина.

# 3 Dhjetor - Dita Ndërkombëtare e personave me aftësi të kufizuara

Përfshirja e personave me aftësi të kufizuara është një kusht thelbësor për respektimin e të drejtave të njeriut, zhvillimin e qëndrueshëm dhe paqen dhe sigurinë. Është gjithashtu domethënëse që premtimi i Agjendës 2030 për Zhvillim të Qëndrueshëm të mos lërë askënd pas. Angazhimi për realizimin e të drejtave të personave me aftësi të kufizuara nuk është vetëm çështje drejtësie; është një investim në një të ardhme të përbashkët.
Sot, popullsia e botës është mbi 8 miliardë njerëz. Sipas të dhënave nga Organizata Botërore e Shëndetësisë (OBSH), më shumë se një miliard njerëz, ose afërsisht 12% e popullsisë së botës, jetojnë me një formë të aftësisë së kufizuar, 80% jetojnë në vendet në zhvillim, ndërsa 50% e njerëzve me aftësi të kufizuar nuk mund të përballojnë kujdesin shëndetësor. Dita Ndërkombëtare e personave me aftësi të kufizuara është një ditë që u promovua nga Kombet e Bashkuara në vitin 1992. Çdo vit që nga viti 1992, ngjarje të ndryshme janë mbajtur në shumë vende. Dita e personave me aftësi të kufizuara përdoret për të mbajtur debate, forume dhe fushata në lidhje me aftësinë e kufizuar dhe komunitetet inkurajohen të organizojnë takime, biseda, shfaqje dhe tribuna në mjedisin e tyre lokal. Aktivitetet mund të jenë shumë të ndryshme dhe në to mund të përfshihen persona me aftësi të kufizuar. Qëllimi kryesor i këtyre ngjarjeve është t'u tregojë të gjithë njerëzve se një person me aftësi të kufizuar mund të jetë anëtar aktiv i shoqërisë, sepse shpesh ndodh që të diskriminohen nga individët dhe vetë shoqëria. Vendet me të ardhura më të ulëta kanë një prevalencë më të lartë të aftësisë së kufizuar sesa vendet me të ardhura më të larta. Aftësia e kufizuar është më e zakonshme tek gratë, të moshuarit, fëmijët dhe të rriturit që janë të varfër.  Në vendin tonë, lloji dhe shkalla e pengesave në zhvillimin fizik ose mendor rregullohet me Rregulloren për Vlerësimin e Nevojave Specifike (Gazeta Zyrtare e Republikës së Moldavisë nr. 30/2000): personat me dëmtim të dëgjimit, personat me aftësi të kufizuara fizike, zëri, të folurit dhe gjuha, personat me aftësi të kufizuara mendore, personat autikë, të sëmurët kronikë, personat me disa lloje të aftësive të kufizuara. Në përgjithësi, shkaqet e të gjitha llojeve të mangësive mund të jenë të trashëguara, të lindura dhe të fituara më vonë. Shkaqet trashëgimore dhe kongjenitale shpesh kategorizohen si shkaqe të brendshme, ndërsa ato të fituara më vonë kategorizohen si shkaqe të jashtme. Shkaqet e trashëguara ndodhin pothuajse te të gjithë, por më së shumti në paaftësinë intelektuale. Shkaqet kongjenitale mund të ndodhin kryesisht gjatë shtatzënisë së një gruaje. Shkaqet e jashtme lindin pas lindjes së fëmijës. Ato mund të ndodhin si pasojë e sëmundjeve të ndryshme ose dëmtimeve mekanike. Qëllimi i kësaj dite është të rrisë ndërgjegjësimin për një kuptim më të mirë të personave të prekur nga një aftësi e kufizuar, të inkurajojë njerëzit që të ndërgjegjësohen më shumë për të drejtat, dinjitetin dhe mirëqenien e personave me aftësi të kufizuara, si dhe ndërgjegjësimi për përfitimet. të integrimit të personave me nevoja të veçanta në çdo aspekt të jetës, nga ajo ekonomike, politike, sociale dhe kulturore. OBSH i bashkohet OKB-së në shënimin e kësaj dite çdo vit, duke përforcuar rëndësinë e garantimit të të drejtave të personave me aftësi të kufizuara, në mënyrë që ata të marrin pjesë plotësisht, në mënyrë të barabartë dhe efektive në shoqëri me të tjerët dhe të mos përballen me barriera në të gjitha aspektet e jetës së tyre. Në selinë e saj në Gjenevë, OBSH organizon një ngjarje vjetore të International Day of Person with Disabilities (IDPD) për të edukuar publikun, për të rritur ndërgjegjësimin, për të mobilizuar vullnetin dhe burimet politike dhe për të festuar arritjet e OBSH-së. Në vitin 2022, OBSH publikoi Raportin Global mbi Barazinë Shëndetësore për Personat me Aftësi të Kufizuara. Ky raport përshkruan qasjet dhe veprimet që vendet mund të ndërmarrin për të trajtuar pabarazitë shëndetësore të përjetuara nga personat me aftësi të kufizuara.

**Burimi:** **https://www.un.org/en/observances/day-of-persons-with-disabilities,** postuar/ dhjetor 2022
**Përgatiti:**
Flora Hamid, punëtor social i dipm. Reparti për mjekësi sociale.